Македонски Херald Macedonian Herald

ГОДИНА 3, Број 2, мај - 2007 May 2007 YEAR 3, Issue 2

## Во овој број:

ХЕРАЛДИКА стр. 1
**Нови градски грбови**
Јован Јоновски
ВЕКСИЛОЛОГИЈА стр. 5
**Белешки за Мијачкото знаме -Толкување на аплицираните мотиви**
Др. Снежана Филипова
ФАЛЕРИСТИКА стр. 9
**Македонски одликувања**
Петар Гајдов
АМБЛЕМАТИКА стр. 11
**Волкот од обетките од Водоча**
Др. Елица Манева
ХЕРАЛДИКА стр. 14
**Терминолошки речник**
Јован Јоновски
ХЕРАЛДИКА стр. 15
**Активности на МХЗ**
Јован Јоновски

## In this issue:

HERALDRY p.1
**New Civic Arms**
Jovan Jonovski
VEXILLOLOGY p. 6
**Notes on Mijacs' flag-Reading of Applied Motiffs**
Dr. Snezana Filipova
PHALERISTICS p. 10
**Macedonian decorations**
Petar Gajdov
EMBLEMATICS p.12
**The Wolf on Vodoca Earrings**
Dr. Elica Maneva
HERALDRY p. 15
**Activities of MHS**
Jovan Jonovski

**МАКЕДОНСКИ ХЕРАЛД**
**е гласник на Македонското Хералдичко здружение**
**MACEDONIAN HERALD**
**is the gazzete of the Macedonian Heraldry Society**

ISSN 1857-5544

Јован Јоновски Jovan Jonovski

# Нови градски грбови

## New Civic Arms

Општините во Република Македонија можат да имаат грб. Ова привилегија ја искористија многу мал број општини. Законот за локална самоуправа само го наведува фактот дека општините можат да имаат грб, оставајќи им тие самите да го толкуваат поимот грб. Досегашната пракса покажа дека во најголем број случаи, под грб подразбираат секаков амблем што има форма на штит. Некои општини отишле уште подалеку, и користат амблеми кои немаат ништо заедничко со грбот, дури и според најшироката дефиниција на грбот.

Охрабрувачки се новите решенија за вистински хералдички грбови, на општините Карпош и Битола, кои за прв пат добиваат свои грбови. Радува и фактот што општина Арачиново го замени старото штитовидно лого, на кое има насликано фудбалска топка, со хералдички грб.

До сега општина Карпош го

*(Продолжува на стр 3.)*

The municipalities in the Republic of Macedonia are eligible to have Coat of Arms. This privilege has been used by small number of municipalities. The Law for local self-governance only mentions the fact that the municipalities may have coat of arms, leaving to the municipalities to interpret the meaning of the term "Coat of arms". The practice so far has shown that in most of the cases, under term "Arms" is consider whatever emblem that has a form of a shield. Some municipalities went even further, and are using emblems that have nothing to do with arms, even according the loosest definition of "Arms".

Encouraging fact is that municipalities of Karpos and Bitola finally got new arms which are real heraldic arms. It is a pleasure to see municipality of Aracinovo changing the old shield-like emblem, depicting a football ball, with heraldic Coat of Arms.

Up till present, municipality of Karpos used the landscape arm of City of Skopje. Now, it has arms which

*(Continued on p.3)*



**Грб на општина Карпош**
**Arms of Municipality of Karpos**



**Грб на општина Битола**
**Arms of Municipality of Bitola**

## Од уредникот

По долга двогодишна пауза повторно пред вас е новиот број на Македонски Хералд. Во него ќе ги исполниме ветувањата од претходниот број: продолжетокот на написот за Мијачкото знаме и за еден од начините на толкување на истото. Второто ветување се однесува на коментарот на дефиницијата за грб предадена во претходниот број, според Општата енциклопедија на Југословенскиот лексикографски завод.

Во овој број ќе ги најдете и новите општински грбови кои се доближуваат до хералдичката практика.

Внимание му е посветено и на активностите на МХЗ помеѓу два броја, особено на неговата меѓународна активност.

Од овој број ќе почнеме и со разгледување на Македонските одликувања.

## From the Editor

After a long two-year break, the new issue of Macedonian Herald is in front of you. In it we will fulfil promises given in the previous issue: Second part of the text on Miac's flag and one way of the reading of the applied motifs. Second promise, we will comment on the definition of the Coat of Arms offered by the Encyclopaedia of the Yugoslav Lexicography Department.

In this issue you will find new municipal coat of arms which are coming closer to the heraldic practice.

A special light is given to the MHS activities between two issues, with emphasis on the international cooperatioon.

From this issue we will be taking a closer look on the Macedonian Decorations.

# Што е грб

Во претходниот број ја пренесовме дефиницијата спред Општа Енциклопедија, Југословенски Лексикорафски Завод, Загреб 1977г која вели дека грбот е:

"Потрајна ознака на одделни личности, фамилии, корпорации, политички и црковни установи, организации и држави, изразени со ликовни средства по одредени правила" Оваа дефиниција ни дава пет моменти во дефинирањето на грб: 1. Траен карактер; 2 ознака на одделни личности; 3, има титулар односно носител на грбот; 4, изразени со ликовни средства; 5. по одредени правила.

Два од овие моменти, иако се доближуваат до определувањето на грбот, се нецелосни. Прво, третиот момент, овде таксативно наведување на можните титулари, физички и правни лица, изостава неколку главни титулари, односно носители на грб. Тоа се територијални единици и населени места, каде припаѓаат и земските како и општинските грбови, на кои ќе им обрнеме внимание во овој број на Македонски Хералд. Друг важен титуар, овде изоставен е функцијата. Одредени функции/позиции можат да имаат грб. Тие не го преставуваат оној кој ја држи таа функција, туку самата функција.

Второ, петиот момент: "по одредени правила" наведува дека има правила кои раководат со креирањето, употребата и изменувањето на грбот, но со изоставувањето да се спомене дека токму хералдичките правила се оние единствени кои можат и смеат да го дефинираат грбот, се остава огромен простор за своеволно толкување. Доказ за тоа е и начинот на кој се креирани голем дел од нашите општински "грбови" т.е. штитовидни амблеми.

Четвртиот момент, "изразени со ликовни средства" е исто така широка категорија која можеби и доведува до забуна каде грбот се поистоветува со ликовна композиција (како што е пример акварелниот приказ на чаршијата како предлогот за грб на општина Чаир). Хералдиката ги прави грбовите со елементи и бои, кои можат строго да се опишат со блазон, и според него некој може да го репродуцира истиот грб иако претходно го нема видено.

Она што ова дефиниција пропушта да го спомене а е од круцијално значење е дека грбот секогаш е "ликовно изразен"на штит со кого е нераскинливо поврзан. И концептуално но и физички.

Повторно, она што не е споменато е дека грбот е наследен. Токму од ова негова карактеристика, ние во македонскиот, како и другите словенски јазици го добиваме и самиот збор "грб", од германскиот збор "ЕРБЕ" кој значи наследно.

Ако сега ги вметнеме дообјаснувањата и изоставените работи спомнати погоре, тогаш за дефиниција на грб имаме: "Потрајна наследна ознака за идентификација на одделни личности, фамилии, корпорации, политички и црковни установи, организации и држави, функции, територии и населени места, изразени со ликовни средства (знакови и бои) според хералдичките правила"

Грбот може да се дефинира и како "основен елемент на хералдиката". Како таков тој е неразделив дел од хералдиката и секое разгледување на грбот надвор од хералдиката е погрешно. Уште пострашно е обидот да се креира грб а притоа да се смета дека хералдиката е мртва наука која треба да се занимава само со проучување на минатото.


**МАКЕДОНСКОТО ХЕРАЛДИЧКО ЗДРУЖЕНИЕ**

Петар Манџуков 113/6
1010 Скопје, Македонија
+389 2 (0)70 252 989
heraldry@mol.com.mk

Издавач Publisher
http://heraldika.org.mk
http://heraldry.mol.com.mk
Уредник Editor
Јован Јоновски Jovan Jonovski
Дигитална верзија - Digital version
http://heraldika.org.mk/MKHerald-2.pdf

**MACEDONIAN HERALDRY SOCIETY**

Petar Mandzukov 113/6
1010 Skopje, Makedonija
+389 2 (0)70 252 989
heraldry@mol.com.mk

Јован Јоновски

# Нови градски грбови

*(Продолжува од стр 1.)*

користеше пејсажниот грб на град Скопје. Сега се определи за грб кој симболично на едноставен начин препознатливо ја преставува општината. Композицијата е едноставна што е едно од основните правила при креирање на грб. Блазонот е едноставен: сино, на златен појас помеѓу дванаесетокрака ѕвезда и две брановидни ленти од исто, 9 сребрени квдрати 2,3,4.

Едно од правилата на хералдиката и е, ако грбот може да се блазонира (да се опише со вокабуларот и граматиката на хералдиката), тогаш тој е хералдички.

Ѕвездата е земена од манастирот во Нерези, додека другите симболи се традиционални, брановите лини го преставуваат Вардар, а структурата на квадратите е мурална конструкција која преставува замок, град, урбана средина. По грбот на општина Центар, ова е најдобар грб која ги следи хералдичкиот концепт и дух: едноставноста и класичните хералдички елементи.

Единствената замерка е поставувањето на сребрените квадрати директно на златниот појас, со што се нарушува правилото на бои и со тоа разграничувањето на елементите. За визуелно разграничување авторите понудија решение кое преставува игра на сенки, нешто непознато во хералдиката, бидејќи хералдиката ги користи основните бои во својата најчиста форма. Овој проблем едноставно се решава со орамување (фимбријација) на сребрените елементи со сино.

Од истата работилница ни доаѓа грбот на општина Битола, која првпат добива грб. До сега Битола користеше едно графичко решение, кое целосно е во духот на социјалистичката амблематика. Интересен е и фактот дека ова лого никогаш немало варијанта во боја.



**Стариот "грб" на општина Арачиново**
**Old "Arms" of Municipality of Aracinovo**

Jovan Jonovski

# New Civic Arms

*(Continued from p.1)*

simply and symbolically identifies this municipality. The composition is simple, which is one of the basic rules considered when an arms is being created. The blazon is simple: Azure, on fess Or between a twelve-pointed star and two waves of the same, 9 bullits Argent, 2,3 4.

The star is taken from the monostery in Nerezi, while the other charges are traditional, the waves are representing the Vardar river, and the bullits form mural construction representing castle, city, urban area. This coat of arms is best in the Republic of Macedonia, next to the one of municipality of Centar. This arms is following the heraldic concept and spirit: simplicity and clasic heraldic elements.

The only objection is the usage of Argent bullits on Or, which directly contradicts the rule of colors. This makes discerning of the charges difficult. The author offers solution of a play of shadows, something unknown the heraldry, as it uses basic colors in their clearest form. This problem could be easily solved by fimbriation of the bullets Argent with Azure.

From the same workshop we have the new Arms of municipality of Bitola, which for first time acquires a Coat of Arms. Until recently, Bitola used a graphical emblem, which totally represent the spirit of socialist emblematics. It is interesting that this emblem never had a color representation.

New Arms of Bitola has a composition far more complicated. The Blazon is: Argent, on a chief Azure old Macedonian braid Or. An escheuton barry [of three] indented Gules and Or in pile. The symbolic is rather hidden. The Gules and Or triangles are representing the Mt. Pelister's Molika, and antic braid the antiquity of City of Bitola.

Arachinovo in the 90's of the last centurly has acquired a shiled-like emblem, a clear socialistic reaction of heraldry. Fortunately the Municipality Council has shown courage to



**"Грбот" на општина Чаир - сè уште нерегистриран**
**The "Arms" of Municipality of Cair- still unregistered**




**"Грбот" на општина Бутел**
**The "Arms" of Municipality of Btuel**



**Оригиналот и можна нтервенција на грбот на општина Аеродром**
**Original and possible intervention on the Arms of Municipality of Aerodrom**

Новиот грб на Битола има композиција која е многу покомполексна. Блазонот е: сребо, на тесно сино чело златна старомакедонска плетенка, на црвен штит кој се допира до челото, девет златни допирачки триаголници по три во ред. Симболиката е малку подзаскриена, Златните триаголници ги симболизира моликите на Пелистер, а античката плетенка античноста на град Битола.

Арачиново, пак во деведесетите на минатиот век донесе штитовиден амблем со чисто социјалистичка реакција на хералдиката. За среќа, општината собра храброст да го измени со многу посреќно решение: пресечен со заоблено-запчесто намалувачко црвено и црно, горе израстувачка златна кула. Боите и пресекот го преставуваат албанското знаме а кулата е традиционален симбол, повторно, на урбана средина.

Иако горекажанато делува многу охрабрувачки, катастрофалните решенија на Бутел и Чаир нè враќаат во реалноста, непознавањето и отстранување на хералдиката од нејзиното место, креирање на грбови.

Решението на Бутел е комбинација на рачно нацртани графички елементи измешани со фотографии без никаков ред или грижа барем за стилот. Тука е преставено и знамето на РМ во сино златна комбинација, што е директно спротивно со законот кој забранува употреба на државното знаме. МХЗ беше замолено од страна на општинската администрација да изврши стандардизирање на овој концепт, но за жал, и покрај одличната соработка со администрацијата на општината, Советот пак сметаше дека е доволно стручен и го замоли МХЗ да замине.

Општина Чаир донесе брзоплето решение: разгледница од старата чаршија прикажана во акварел и едноставно исечена во форма на штит. Ова преставува најлошо решение во Република Македонија, веднаш по она на Бутел. И двата е невозможно да се блазонираат бидејќи блазонот е јазик на хералдиката за опишување на грбови а не на фотографии.

Посебен случај преставува амблемот на Аеродром, кој преставува најлош пример на рушење на хералдика. Буквата „А" која според првиот опис беше стилизирана почетна буква на името на општината, при повторното утврдување на истиот грб стана раскрсница, излегува од рамките на штитот. Тоа го прави и вториот елемент, сонцето, нешто што не е замисливо во хералдиката (кога не станува збор за параферналии).

Сепак, поради едноставноста на композицијата, таа може лесно и удобно да се хералдизира со враќање на основниот елемент, монограмот во штиот и целосно излегување на сонцето од штитот, кое сега, станува челенка.




**Стариот амблем на општина Битола**
**Old Amblem of Municipality of Bitola**

change it to a more fortunate solution: per fess rayonee of four decreasing Gules and Sable. An issuing tower Or. The colors and the partition lines is representing the Albanian flag, and the tower, again, traditional symbol of urban area.

Even though the aforementioned brings a lot of encouragement, the catastrophic solutions for arms of municipalities of Cair and Butel are taking us back to the reality, total ignorance and removal of the heraldry of its most natural place, in the process of creating arms.

The design for the Arms of Butel is a combination of a hand drown elements with photographs without any order or concern for the style. It has a representation of the flag of the Republic of Macedonian in Azure and Or, practice directly prohibited by law. MHS was asked by municipality administration to do a heraldic intervention on this concept, but unfortunately, inspite the great cooperation with the administration, the Council consider that has sufficient expertise on this subject and MHS was asked to depart.

Municipality of Cair has made a premature choice: a postcard depicting the old bazaar painted in aquarelle, cut to shape of a shield. This represents the worst design in the Republic of Macedonia, just after Butel. Both cases are imposible to blazon, since blazoning is heraldic language for description of Coat of Arms, not photographs.

Special case is the arms of Municipality of Aerodrom, the worst case of infringement of heraldry. Letter "A" which according the first description was a representation of the initial letter of the name of the municipality, after the second public bid became a busy crossroad. What ever, it is departing from the shields borders, same as the second charge, the sun, a practice unknown to heraldry (apart from the paraphernalia).

Due to the simpleness of the design, it could be easily heraldised by putting the main charge, the monogram back on the shield, and removing the sun off the shield so it could be a crest.




**New Arms of Municipality of Aracinovo**
**Новиот грб на општина Арачиново**
Прикажан со хералдичка шрафура (Петра Санкта) и со означување (стр. 14, 16)

Др. Филипова Снежана

# Белешки за Мијачкото знаме - Толкување на апплицираните мотиви

Франсис Конт наведува дека Словените често го користеле црвениот конец за обреден вез за симболи на платно - архаични мотиви поврзани со старата митологија и степските народи, особено од Иран.[a]

Мотивот на триаголници кои имитираат зраци поставени во прстен е многу чест во римските мозаици (главата на Медуза или Аполон во храмовите во Пергамон, Коринт итн.) од каде што е преземен во христијанските манастири, во Хераклеја, како и на Плаошник, и го исполнува врамувачкиот медаљон исполнет со значаен мотив, космички знак, односно натпис на ктитор (на пр. кај старата Епископска базилика во Стоби, во новооткриената црква во Плаошник). И во средновековните фрески ваков круг од триаголници-зраци ги декорирале долните зони кои имитираат мермерна декорација (една од последните средновековни цркви кај нас каде што е употребен цоклето од нартексот на Св. Андреја на Матка, Скопје, од крајот на 14 век).

Мијачкото знаме, според Трајчев, е старо колку што е стар мијачкиот род. Тој ги толкувал полумесечината со краците извиени нагоре во комбинација со ѕвезда како знак на турската власт кој е ставен на знамето заедно со албанскиот симбол -змејот и византискиот/српскиот орел, за да упати дека реканскиот крај бил (или е) под власта на овие земји.[b] Сепак, ова толкување не може да се прифати без резерва. Најпрвин змејот не е албански симбол ниту пак, е познат таков грб со змеј кој бил поврзан со територијата на Албанија. Напротив, змејот е симбол на богот на добитокот *Велес* кај Словените, а Мијаците се пред сè сточарски народ. Волкот и змијата во народната митологија се сметааат за хтонски суштества, а змејот како старешина на змиите бил во тесна врска со природата на подземниот бог Волос/Велес.[c]

Култот за волкот бил тесно поврзан со култот на подземниот свет и со месечината.[d] Тоа е чест хералдички симбол на грбовите, печатите и појасите на некои српски средновековни феудалци како Балша II, Ѓурѓе Страцимировиќ итн.[e] Семејството на Балшиќ поседувал имоти и во Албанија и таму е зачуван нивниот грб кој Гјин Варфи го објавил во колекцијата на албански грбови.[f]

Комбинацијата на полумесечина и ѕвезда е различно поставена од таа кај турското знаме, каде што полумесецот е свртен со краците северојуг. Ова се многу постари знаци кои може да нè вратат до камените меѓници од Месопотамија, каде што го означувале богот на сонцето, богот на месецот, божицата Иштар итн. Сосема идентично комбинирани како кај нашето знаме - ѕвезда-сонце влезена во внатрешноста на лакот на полумесецот стојат над богот на сонцето, на стрелата на кралот Урнаму од Ур, датирана од 2022 до 2004 г. пред н. е.[g]

**Знамето од Тресонче - според Трајчев**
**Flag from Tresonce, according to Trajcev**




Овие два знака графички различно комбинирани може да се поврзат и со богомилите кои често ги претставувале на нагробните споменици, или со илирскиот грб креиран во 16 век и објавен во Минстеровата “*Космографија*” од 1544 г. печатена во Базел.[h] Овој грб бил измислен за “пропагадни” цели како симбол на преродбата на јужните Словени бидејќи приврзаниците на илирската идеја мислеле дека јужните Словени водат потекло од Илирите. Значи истиот полумесец со ѕвезда кој го гледаме во аголот на мијачкото знаме овде е поставен на грб со црвена заднина. За Соловјев месечината и ѕвездата односно сонцето симболизираат небески кораби, т.е. живеалишта на душите на праведните пред заминувањето во рајот.[и]

Ѕвездата, полумесечината и самострелот се наоѓаат и на знамето на Хунзите, чие кралство постоело до пред 3 децении. Доминантната неприродно зелена боја на небото во комбинација со црна и бела на планините може да бидат влијание на исламските држави кои ги опкружувале. Нивниот грб кој е комбинација на знамето со лав исто така е интересно за нас бидејќи бујната лавовска грива наликува на онаа од знамето на Разловечкото востание.

Ако двоглавиот орел кој нема крила го толкуваме како испреплетени змии, тогаш се работи за стар архетипски симбол на дуализам, добро и зло, или според некои на еретичност. Го среќаваме и на црковните врати во Св. “Никола Болнички” во Охрид и во црквата на манастирот “Трескавец”, Прилеп. Ако прифатиме дека само на овие зачувани знамиња недостигаат крилата, можеби заради лошата репродукција на истите, тогаш би можело да се рече дека всушност се работи за знакот на византиската држава од 14 век, односно грбот на Палеолозите, или грбот на Православната црква, но исто така и на Австро-унгарската империја. Скапоцените ткаенини украсени со двоглавиот орел, лавот, грифонот и многу други фантастични животни по потекло од Исток, биле увезувани во Евро-

па, Русија и Византија во средниот век и употребувани за облека, завеси, таписерии, и за покривање на олтарски маси. Двоглавиот орел ја красел облеката на бугарскиот цар Јован Александар од 14 век,[j] но и на македонскиот велможа кесар Дука од охридската црква Св. "Пантелејмон" од третата деценија на14 век.[k]

Змејот и лавот можат да се читаат и како симболи на победеното зло од страна на Христос, односно крстот, бидејќи го фланкираат во горните агли како што се претставени во подножјето на големиот иконостасен крст од 16 век до денес. Спротивставените змеј и лав ги гледаме и на дрворезните арки на големите престолни икони од иконостасите.[l] Тоа е стара христијанска тема, а наместо змеј може да стои змија, или риба.

Според д-р Петар Поповски знамето на Скендербег, Мијак од семејството Кастриоти, содржело елементи од познатото мијачко знаме објавено кај Брадина.

**Знамето и грбот на Кастриоти и релацијата со Мијаците**

Една варијанта на грбот на семејството Кастриоти[m], објавен како цртеж од страна на албанскиот автор Варфи, во десната половина содржи лав издигнат на задни нозе со меч во едната предна нога, а опашката му завршува со лист на бршлен[n], а над левиот агол е поставен бел кринов цвет. До него во левата половина, според нас, вештачки е додаден двоглав орел. Многу сличен лав се појавува на грбот на семејството на Карло Топија, само што кај него опашката е во облик на змеј и наместо крин имаме ѕвезда над главата. Знамето на Кастриотите според Поповски било и знамето на Топиите.[o] Лавот како симбол на Топиите се јавува и на спомен-плочата која Карло Топија ја подигнал откако ја обновил црквата Св. "Јован Владимир" во Коњух кај Елбасан во 1383 г. напишана со кирилично писмо, што според Поповски уште еднаш го потврдува неговото словенското потекло.

Поповски наведува дека Константин Кастриот во средината на 14 век под притисок на Анжујците и Венеција бил принуден да ги промени старите земски симболи со шеснаесеткрако сонце кое династијата го употребувала 5 генерации како инспирација на симболот на античките Македонци, па така на знамето става централен златен лав на црвено платно, под него крст во круг во чии празнини горе биле иницијалите на Христос ИС ХР, а долу НИ КА (вообичаениот грчки збор за победа во името на крстот односно Исус) кои Поповски ги толкува како иницијали на кнезот Никола Кастриот. Странично биле поставени златни реси. Грбот имал исто така златен лав на црвено поле со круна на грбот. Овој грб сè уште го чувале потомците на најстариот преставник на лозата Кастриот- Димко во с. Симона кај Кроја кого го посетил и го опишал Жунгулоски во 1897 г. Со посебен ферман во почетокот на 18 век турскиот султан ја забранил употребата на знамето со златниот лав, па така од него се задржала само апликацијата на крстот во круг, а лавот се повлегол во горниот десен агол, додека другите агли биле исполнети со полумесечина, змеј и двоглав орел со крст во средината. Ова знаме Мијаците го употребувале на црковните и други свечености сè до 1912 г. кога било забрането со посебен декрет од страна на нововоспоставената српска власт на нашата територија.[p]

---

[a] Франсис Конт, *Словени,* Београд 1989, 334.
[b]Трајчев, *Книга за Мияцитѣ*, 95.
[c]Танас Вражиновски, *Народна Митологија 2*, 145.
[d] Соња Зоговиќ, *Општеството и народната култура на Мекедонија во раниот среден век*, Прилеп 2002, 143.
[e] Сергије Димитријевиќ, Средњовековни српски новац, Београд 1997, Воислав Иванишевиќ, ЗРВИ,
[f] Gjin Varfi, *Heraldika Shqiptare*, Dituria, 2000, колор табли.
[g] John Gray, *Mitologija Bliskog Istoka,* Ljubljana 1987, 39, 29.
[h] Александар Матковски, *Грбовите на Македонија*, 1990, 62.
[i] Александар Соловјев, Постанак илирске хералдике и породице Охмучевић, *ГСНД XII*, 1933, 101
[j] Kont, *Sloveni*, 333-335; Hans Bauer, *Reise in das goldene Byzanz*, Leipzig 1989, 111
[k] Загорка Расолковска Николовска, Архимандритот Јован, игумен на климентовиот Манастир во Охрид, *Културно Наследство 28-29*, 2003/3, 104.
[l] На пр. на иконостасот од Св. Богородица, Бачково. Види кај Иванка Гергова, *Ранният български иконостас 16-18 век*, София 19993, 92.
[m] Gjin Varfi, Heraldika Shqiptare, колор табли.
[n] Ова растение и во антиката и кај христијаните е симбол на смртта, живот по животот и се поставува на надгробни споменици и како интерпукциски знак, а се врзува и со Исус,
[o] Петар Поповски, статија во Македонско Сонце бр 577, стр. 33.
[p] Петар Поповски, статија во Македонско Сонце, тробро 578-579580, од 29.07. 2005 г., стр. 33

---

Dr. Snezana Filipova

# Miacs Flag-Reading of Applied Motiffs

Frances Kont states that Slavs frequently applied red thread to ritual cloth representing archaic motifs that may be related to their old mythology and to the Steppe tribes, especially those coming from Iran.[a] This type of decoration with triangles that imitate or stand for sun rays is very frequently applied in the Roman mosaics (the head of Medusa or Apollo in the temples in Pergamon, Corinth etc.) from which it has been borrowed in the Christian mosaics (Monastery-Heraclea, Plaoshnik). It usually serves as a frame to enclose an important motif, for example a head of a god, a cosmic symbol, an inscription of the donor etc. (the old Episcopal basilica in Stobi, the newly discovered one at Plaošnik, Ohrid). Even the medieval frescoes show continuity of this circle with triangles in the low zones of the walls which imitate marble decoration (one of the last Medieval churches where it has been used is the cokle of the nartex of St. Andreas on Matka, Skopje, from the end of the 14th C)

According to Traičev, the flag of the Miaks is as old as their tribe. He reads the crescent and the star above it as the sign of the Turkish Empire, put together with the symbol of the Byzantine/Serbian double headed eagle and the Albanian dragon in order to indicate that the region around the river Radika has been under the government of these countries. [b] This reading cannot be accepted without doubt. First of all, the dragon is not an Albanian symbol: no such coat of arms related to the territory of Albania has been known. On the contrary, the dragon is a symbol of the Slavic god of the cattle named Volos/Veles. And the Miaks are predominantly cattle breeding people. The wolf and the snake in folk mythology are referred to as underground creatures, and the dragon as the commander of the snakes has been in close relation to the nature of the underground god Volos/Veles.[c] The cult of the wolf is very much related to the cult of the underground world and the moon.[d] It is a common heraldic symbol in the coats of arms, stamps and belts of some medieval Serbian feudal rulers, such as Balsha II, Gjurgje Stracimirovic etc.[e] The Balshic's had land in Albania and their coat of arms is presented in the collection of Albanian arms published by Gjin Varfi.[f]

The position of the crescent and the star differs from the one on the Turkish flag, where the crescent is turned north-south , These are much older symbols that may be found on the barrier stones of Mesopotamia, where they stood for the moon, the son, the goddess Ishtar etc. Identically combined as on our flag (a star entering the arch of the crescent), positioned above the god of the sun can be seen on the stella of king Urnamu from Ur (2022-2004 B.C.).[g] These two signs combined in a different way may be associated with the Bogumils who used them on their grave stones.

There is another possibility to relate them to the Illyrian coat of arms created in the 16th C. and published in the Minster's C*osmography* in Basel in 1544.[h] This coat of arms has been invented as part of Slavic propaganda, as a symbol of the cultural revival of the South Slavs, since its creators believed it to originate from the Illyrians. So the same crescent and star we see in the corner of the Miaks flag where it is placed on red. According to Solovyev, the moon and the star, or the sun, stand for the heavenly ships, in other words the place where the souls of the righteous dwell before departing to heaven.[i]

The star, crescent and crossbow are found in Huns' flag, whose kingdom existed until three decades ago. Predominant unnatural green color of the sky combined with black and white on the mounts was probably due to the influence of surrounding Islamic countries. Their arms is a combination of the flag and a lion. This is interesting since the lion's hair is similar to that on the flag of Razlovec Uprising.

If the wingless double headed eagle is read as intertwining snakes, we can talk about an archetypical symbol of dualism, the good and the evil, or heretics. We see it on the church doors of St. Nicholas of the Hospitals in Ohrid, and the church door of the monastery in Treskavec, Prilep. If the wings are missing only on these two flags, or are not actually visible due to the bad quality of printing, and if a light color had been applied, then they can stand for the Byzantine state symbol of the 14th C., actually the coat of arms of the Paleologue family, or as the symbol of the Orthodox Church and also the coat of arms of the Austro-Hungarian Empire. The double headed eagle, the lion, the gryphon, and many other fantastic animals originated in the East and became popular in Europe, Russia and Byzantium throughout the Middle Ages by the import of luxurious fabrics used for cloths, curtain, tapestries and covers for altar tables. For instance we see the double headed eagle embroidered on the cloth of the Bulgarian Tsar John Alexander in a 14th C. manuscript illumination,[j] also on the clothes of Macedonian ruler Duka (in the church of St. Panteleimon in Ohrid) from the 3rd decade of 14th C.[k]

The dragon and the lion may be read as symbols of the defeat of evil by Christ, since they flank his symbol, the cross, the way they have been represented on the bottom of the Large Iconostasis cross from the 16th C. onwards. The confronted dragon and the lion can be seen as well on the wood carved arches of the large throne icons of the iconostases.[l] It is again the old Christian composition and the dragon may be replaced with a snake, or with a fish.

According to Petar Popovski, the Skenderbeg's flag, a Miac from Kastrioti family included elements of the Miac's flag as published by Bradina.

**The Flag and Coat of Arms of Kastrioti and their relations to the Miacs**

A variant of the Kastrioti arms[m] published as a drawing by Albanian author Varfi, has a rampant lion with a crescent under its feet with tail finishing in[n] ivy above which there is a white lily. In the dexter part a double headed eagle is added superficially. A very similar lion is found on Karlo Topia's arms, only the tail ends in a dragon shape, and







**Ова е знамето кое е во сопственост на Мелентие Пандиловски од Аделаида, Австралија, кој е и автор на фотографиите. Знамето е со димензии 130 на 73цм при што аверсот и реверсот се идентични.**

**This flag is property of Melentie Pandilovski from Adelaida, Australia, who is the author of the photos. Dimensions of the flag is 130x73cm, with both sides identical.**

instead of the lily there are stars above lion's head. According to Popovski, the Kastrioti flag was also used by Topias.[o] A lion as a Topias symbol is found on the plate erected by Karlo Topia after the rebuilding of the church of St. Jovan Vladimir in Konjuh near Elbasan in 1383, written in Cyrillic, which according to Popovski is yet another proof of his Slavic roots. Popovski states that Konstantin Kastriot in the middle of 14th C, under the pressure of Anjou and Venice was forced to change his symbols to a 16-ray sun, inspired from the sign of Antic Macedonians, a symbol that this dynasty then used for 5 generations. The flag now has a central golden lion on red, under which is an encircled cross with initials IS HR (Isus Hristos-Jesus Christ) in the upper part and NI KA. This might stand for the usual Greek word for victory or tentatively the initials of N. Kastriot as Popovski suggests. The coat of arms had a golden lion on red, with the crown above the shield. These arms were still used by the descendents of the oldest Kastrioti branch – Dimko in village of Simona near Kroja, which was described by Zhunguloski in 1897. By special edict by the Sultan, the usage of the lion was forbidden in 18th C, so we only have the encircled cross and the lion placed in the upper left corner, while other corners were filled with a crescent, a dragon and a double headed eagle with a cross on its breast. This flag was used by Miacs up till 1912, when it was forbidden by the newly established Serbian rule over our territory.[p]

---

[a] Франсис Конт, *Словени,* Београд 1989, 334.

[b] Трайјчев, *Книга за Мияцитъ*, 95.

[c] Танас Вражиновски, *Народна Митологија 2,* 145.

[d] Соња Зоговиќ, *Општеството и народната култура на Мекедонија во раниот среден век*, Прилеп 2002, 143.

[e] Сергије Димитријевиќ, Средњовековни српски новац, Београд 1997, Воислав Иванишевиќ, ЗРВИ,

[f] Gjin Varfi, *Heraldika Shqiptare*, Dituria, 2000, колор табли.

[g] John Gray, *Mitologija Bliskog Istoka,* Ljubljana 1987, 39, 29.

[h] Александар Матковски, *Грбовите на Македонија*, 1990, 62.

[i] Александар Соловјев, Постанак илирске хералдике и породице Охмучевић, *ГСНД XII*, 1933, 101

[j] Kont, *Sloveni*, 333-335; Hans Bauer, *Reise in das goldene Byzanz*, Leipzig 1989, 111

[k] Загорка Расолковска Николовска, Архимандритот Јован, игумен на климентовиот Манастир во Охрид, *Културно Наследство 28-29*, 2003/3, 104.

[l] For instance, the iconostasis from Holy Virgin in Bačkovo. See Ivanka Gergova, *Ранният Български иконостас 16-18 век*, София 19993, 92.

[m] Gjin Varfi, Heraldika Shqiptare, колор табли.

[n] This plant in the anitc and in Christianity is a symbol of death, and life after death so is used on tomb stones. It also refer to Christ.

[o] Петар Поповски, Македонско Сонце No 577, p. 33.

[p] Петар Поповски, Македонско Сонце, No 578-579-580, 29.07. 2005, p. 33




Петар Гајдов

Во следните редови сметам дека е добро да се потсетиме на еден многу важен закон од аспект на афирмација на сувереноста, независноста и државноста на нашата Република - Законот за одликувања и признанија на Република Македонија.

Законот за одликувања и признанија на Република Македонија е донесен на 12 Септември 1995 година, но првичната верзија на овој закон е заменета со новиот Закон кој е донесен на 27 Јуни 2002 година и како што вели член 1 од истиот: „Со овој закон се утврдуваат одликувањата и признанијата на Република Македонија и се уредуваат постапките за нивното доделување и одземање и правата и должностите на носителите на одликувањата и признанијата...“

Признанијата и одликувањата на Република Македонија се знаци на признание кои ги доделува лично претседателот на републиката за работа и дела што заслужуваат општо признание и истакнување.

Одликувањата се доделуваат со указ, а пак признанието се доделува со одлука на претседателот на Република Македонија

Одликувањата и признанијата на Република Македонија се доделуваат на поединци, граѓани на Република Македонија, како и на единици и установи на вооружените сили на РМ и припадниците на министерството за внатрешни работи. Исто така одликувањата и признанијата на Република Македонија можат да се доделат и на странски државјани, како и на странски и меѓународни организации. На физичко лице можат да се доделат и постхумно.

Според законот, државјанин на Република Македонија може да прими титула, одликување или признание од шефот на странска држава или влада, како и од владини или невладини организации.

Одликувањата може да се изработат и да се носат и со намалени димензии како минијатурни одликувања. Вообичаено е минијатурите на одликувањата или минијатурните одликувања да се носат во свечени пригоди на цивилно одело. Припадниците на вооружените сили на војската и полицијата во свечени пригоди на своите свечени униформи можат да ги носат сите одликувања со кои се одликувани или пак, минијатури од истите во зависност од пригодата.

Одликувањата не може да се носат истовремено во оригиналната форма и во минијатури било на униформа или на цивилно одело, со исклучок на оние одликувања кои се носат на гердан или со лента или ѕвезда. Во тој случај може да се носи и минијатурата и герданот односно лентата на одликувањето која секогаш се носи со ѕвездата на орденот.

Одликувања на Република Македонија според законот за одликувања и признанија на Република Македонија поредени според рангот се следните:

**О Р Д Е Н И:**

1. Орден на Република Македонија
2. Орден “8. Септември”
3. Орден “Илинден - 1903 година”
4. Орден за заслуги за Македонија и
5. Орден за воени заслуги

**М Е Д А Л И:**

1. Медал за заслуги за Република Македонија
2. Медал за храброст

Признание на Република Македонија според законот за одликувања и признанија на Република Македонија е :

1. Повелба на Република Македонија

Законот за одликувањата и признанијата на Република Македонија е основата врз која се темели системот на наградување и општо признание за активностите и делата на поединци или организации и установи и тој веќе започна да се спроведува во практика. Со целосното оформување на одликувањата и признанијата на Република Македонија од уметнички аспект, односно со нивното материјално обликување, чија промоција се одржа на свечена церемонија во Кристалната сала на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 Април 2005 година, во организација на Кабинетот на

Претседателот на Републиката и Комисијата за одликувања, се истакна уште една форма, односно се комплетираа обележјата на суверенитетот на Република Македонија. Тоа исто така претставува и придонес за развојот на македонската фалеристика како дел од светското фалеристичко наследство.

---

Petar Gajdov

## Macedonian Decorations

By this article I think that it is good to remind ourselves of one very important Law, from the aspect of affirmation of the sovereignty and independence of our Republic - the Law of Decorations and Acknowledgments established by the Republic of Macedonia.

The Law of decorations and acknowledgments was first passed on 12th September 1995, and amended by a new Law which was passed on 27th of June 2002. Article 1 says: “with this Law are established decorations and acknowledgments of the Republic of Macedonia and are specified the actions of their award and deprivation and the benefits and responsibilities of the persons awarded with the decorations …”

Acknowledgments and decorations of the Republic of Macedonia are symbols of acknowledgment which are awarded by the President of the Republic himself for activities and acts which deserve public acknowledgment and emphasis.

Decorations are awarded by decree and the acknowledgment is awarded by decision of the President of Republic of Macedonia.

Decorations and acknowledgments of the Republic of Macedonia are awarded to individuals who are citizens of the Republic of Macedonia, to units and institutions of the armed forces of the Republic of Macedonia, and to the members of the Ministry of Internal Affairs. Also, the decorations and the acknowledgments of the Republic of Macedonia can be awarded to foreign citizens, and to foreign and international organizations. For individuals they can be awarded after the death of the person.

By this Law, a citizen of the Republic of Macedonia may accept an award of a title, decoration or acknowledgment from the Head of a foreign State or government, as well as from governmental or non-governmental organizations.

Decorations can be made in smaller dimensions as miniature decorations. Usually the miniature decorations are worn on official occasions by civilians on a suit and by members of army and police units on their ceremonial uniforms. According to the occasion, it may be more appropriate for members of the armed forces to wear full-size decorations.

The decorations cannot be worn in full-size and miniature form at the same time, except that those decorations which are worn as a collar badge or with sash with badge and breast star may be worn with a miniature of the order.

Decorations of the Republic of Macedonia covered by the Law of Decorations and Acknowledgments of the Republic of Macedonia arranged by rank are as follows:

### ORDERS:

1. Order of the Republic of Macedonia
2. Order of 8 September
3. Order of Ilinden (St Elia’s Day)
4. Order of Merit for Macedonia
5. Order of Military Merit

### MEDALS:

1. Medal for Merit of the Republic of Macedonia
2. Medal for courage

Acknowledgment of Republic of Macedonia covered by the Law of Decorations and Acknowledgments of the Republic of Macedonia is:

1. Acknowledgment of Republic of Macedonia

The Law of Decorations and Acknowledgments of the Republic of Macedonia is the basis for the honours system giving public acknowledgment for the activities and acts of individuals or organizations and institutions. It has already started to be used in practice. The material form of the awards was presented in a formal ceremony in the Crystal Hall in the Macedonian Parliament on 22nd April 2005 organized by the Cabinet of the President of the Republic and the Commission for Decorations. This act completed the characteristics of the sovereignty of the Republic of Macedonia. At the same time it supported the development of the Macedonian phaleristic as part of the world phaleristics inheritance.

## За хералдичките бои

Низ историјата боите во хералдиката се преставувале и со благородни камења и со планетите поврзани со нив:

| | | |
|---|---|---|
| **Злато** | топаз | - Сонце |
| **Сребро** | бисер | - Месечина |
| **Црвена** | рубин | - Марс |
| **Сина** | сафир | - Јупитер |
| **Зелеа** | смарагд | - Венера |
| **Пурпурна** | аметист | - Меркур |
| **Црна** | дијамант | - Сатурн |

Друга хералдичка “боја” е “**Природна**” - таа може да биде секаква боја. Овој термин се користи кога се опишува некоја хералдичка фигура која е преставена на грбот со своите природни бои и текстури. На пример човечкиот тен се преставува со розевкаста боја, или пак оклопот се преставува со челично - сива боја. Кога некоја птица е обоена Природно, тогаш се преставува со нејзините “природни бои”. Тука не станува збор на фотографско пренесување, туку сепак, за едно традиционално поимање на природните бои на хералдичките фигури.

Спонзор на овој број:



ZANZIBAR

ПИЦЕРИИ
Фонтана парк 3213-364
Аеродром 2450-180

Др. Елица Манева

# Волкот од обетките од Водоча

Во периодот од 1979 до 2003г. археологот Јован Ананиев ја истражуваше пространата некропола на комплексот Водочки цркви, Св. Леонтиј во село Водоча кај Струмица. Со 1081 гроб, некрополата се вбројува меѓу најголемите, не само во Македонија туку и пошироко. Фактот дека егзистирала од средновековието па сè до денешни дни, од неа прави значаен репер за изучување на многу феномени врзани со континуитетите врзани за животот на една популација во текот на скоро еден милениум.

Селото Водоча е сместено во подножјето на планината Еленица, на 4км. западно од Струмица, на влезот од клисурата на реката Водочница. Некрополата се простира околу црквата Св. Леонтиј, која што има повеќе архитектонски и сликарски фази од средновековниот период.

Фокусирајки го вниманието на накитот од периодот од 15 до 18 век која што прв пат можеше стратиграфски да се разгледува на едно место, беа издвоени неколку многу раритетни и значајни примероци.

Своевиден куриозитет претставуваат наодот на чифт кружни наушници на кој што е прикажан мотивот на волк со хералдички предзнак во концепцијата.

По својот изглед, односно декорација, се чини дека се единствени или прв наод, од ваков вид и со тоа со право можат да се наречат водочка варијанта на наушници со кружен тип.

Наушниците теренските инвентарни броеви 2264а И 2264б. Откриени се на 06.10.2000 година во гробот 909 како единствен археолошки наод. Лоцирани се во пределот на главата (долната вилица) од слабо зачуваниот детски скелет.

За обележување е дека на повеќе места по површината на наушниците се зачувани (залепени и оксидирани по металната подлога) остатоци од фина текстилна ткаенина, најверојатно од покривалото на главата. Наушниците се изработени од тенка бакарна ламарина. По својот изглед и начинот на употреба, наушниците од Водоча најблиска аналогија имаат со оние кои се насликани на портретот на кралицата Милица. Оттука нивното датирање се определува кон крајот на 15 век не исклучувајќи тие да доспеале под земја и во текот на 16 век. За ралика од примероците, од ктиторската композиција од манастирот на Матка каде декорацијата не е доволно јасна или само се насетува, водочките наушници имаат добра издифиренцирана орнаментика.

Всушност најочебијните сигнали што овие наушници ги емитуваат се ликовните претстави на кружните, лицеви страни на корпусот. Во техника на исчукување врз единствен калап матрица употребуван 4 пати (2x2 за двете кружни страни на наушниците) прикажан е волк со специфично окружување. Волкот е прикажан целосно во профил како се придвивижува со една испружена предна нога.




Волчешките шепи се нагласени со што се истакнува агресивноста, а ушите му се исшулени нагоре, главата му е издадена напред, а устата со силни челусти му е широко отворена. Опашот му е рамно испружен а потоа се свиткува продолжувајќи во спротивна насока над неговото тело, престорувајќи се во гранка со две скоро кружно завиткани ветки и завршувајќи со врвот покрај неговата глава. Целата композиција е врамена во кружница која го означува работ на калапот. Празните простори под вратот околу нозете и над грбот, се исполнети со, полутопчести испакнатини чија улога може да биде декоративна, за пополнување на празниот простор, но истотака, може да значат и илустрација на извесен амбиент.

Пред да се продолжи со натамошна анализа траба да се додаде и дека, одделни мотиви од доцносредновековни амблеми или хералдички симболи, се среќаваат кај дел од материјалите во некрополата во Водоча. Во тој правец посебно внимание привлекуваат и прстените каде има и впечатливи хералдички примери. Во еден случај композицијата прикажана на горната површина на главата на масивен, сребрен прстен претставува комплетен грб чии елементи се : волк, штит и бодеж, а сето тоа е обиколено со натпис.

Според изработката и морфолошките карактеристики овој прстен припаѓа на велмошките прстени од последните децении на 14 век. Тоа е квалитетен примерок на прстен печатник, на чија што глава е претставен семејниот грб на благородничка фамилија од овие области.

Оставајки го на страна постудиозното толкување на овој наод, за оваа пригода вниманието се насочува кон еден дел од хералдичката претстава кон мотивот на волк. И во овој случај тој е прикажан во целосна претстава, во профил и со нагласени шепи и канџи, со раширени челусти, но глава вертикално поставена во

однос на трупот и со мал водоравен опаш.

Мотивот на волк (глава, горен дел или цела фигура во различни позиции) е еден од почестите мотиви на личнте амблеми или семејни грбови забележани во доцното средовековие и вековите што следат после османлиските освојувања. Тоа најдобро се согледува преку нумизматичкиот материјал кој е многу богат и релативно познат на научната јавност, а скоро секогаш ги претставува и ознаките: амблемот или грбот на оној кој го нарачал нивното ковање, како што е вообичаено и за другите предмети од неговиот имот.

Волкот со неговите атрибути претставува погоден симбол за идентификација со неговите особини. Фасцинираноста од оваа суштество и имплементацијата негова во народните митови, верувањата и обичаите на еден или друг начин се присутни во сите култури што егзистирале во зоната на неговото простирање.

Како архетип,. Волкот има доста слоевита и амбивалентна симболика. Моќта да гледа во мракот го прави истовремено и соларно и хтонско битие. Неговата снага, крвожедност, и жестокост се алегорија за борбеноста и воинствената екстаза, кон којашто тежнеат јунаците.

Божјата оправданост на овие дејствија во менталитетот на средновековниот човек, се согледува и во објаснувањата запишани во *Физиолоīосоӣ.*

Во бурните времиња на доцното средновековие, поимот на волкот и неговите карактеристики се наметнува како адекватен личен амблем, како дел од семејниот грб, па дури и како митски предок.

Претставата на овој симбол, како и другите претстави вообичаени за оваа време, може да се јави на разни објекти како што се знамиња заветвени градежни дарови , фасадите на домовите, на садовите, на оружјето, посебно на штитот, на облеките, украсите, појасите, утилитарните предмет итн.

Може ли, во недостиг на други поконкретни елементи, (во недостиг на други поконкретни елементи, немање на остеолошки остатоци и на поегзактни за датирање со методи од природните науки) да се каже дека во Водоча во гробовите 196 и 909 биле погребени личности од исто семејство?

Последното прашање останува отворено иако, на повеќе дилеми се дадени одговори, или барем навестувања што се чинат веродостојни.

Инвентивен мајстор, според желбата на нарачателот и манирот, односно постоечката мода на изработка на наушниците, потврдени и на живописот од 15 век, изработил еден чифт од нив за дама од богато семејство, како виден мотив е претставата на волк, со хералдичка конотација, во своето примарно значење и секундарно надградување со фолклорно сиже од доменот на хтонско-лунарните верувања.

Така се согледува и начинот на кој што раскошните, доцносредновековни, велмошки предлошки на наушниците од кружен тип дивергирале и се инфилтрирале, во фолклорните форми напојувајќи се со живописната енергија од народните верувања, но истовремено, зачувувајќи ги обележјата и симболиката на хералдичката традиција.




Dr.Elica Maneva

# The Wolf at the Vodoca Earrings

Between 1979 and 2003 the archeologist Jovan Ananiev explored the large necropolis of the Vodoca Church Complex of St. Leonthius in the village of Vodoca near Strumica. With its 1081 discovered graves it belongs among the largest necropolises not only in Macedonia, but also in the wider region. The fact that it existed in the Middle Ages and was in the use until present makes it highly important for the study of numerous phenomena linked with the population which settled this area for almost a whole millennium.

The village of Vodoca is situated at the foot of Mt. Elenica, 4km west of Strumica and at the entrance of the gorge of the river Vodocica. The necropolis lies around the church of St. Lenothius which has several architectural and painting phases of the mediaeval period.

Focusing on the jewelry from the period between the 15th and 18th centuries, which can be stratigraphically observed on one site for the first time, we isolated several very rare and highly important specimens.

Among them, a unique find is a pair of circular earrings with a depiction of a wolf whose conception also has an heraldic connotation.

Their appearance and decoration suggest that they are the only or, at least, the first find of this kind and can therefore appropriately be defined as the Vodoca variety of earrings of the circular type.

The earrings bear the field inventory numbers 2264a and 2264b. They were discovered on 6 October 2000 in grave 909 as the only archaeological find. They were located at the head (lower jaw) of the poorly preserved skeleton of a child.

It should be noted that on several segments of the earrings remnants of fine fabric, probably a head cover, are preserved on the surface, soldered and oxidised on the metal base. The earrings are made of thin copper sheet metal. In terms of appearance and type of use, the earrings from Vodoca are analogous to those painted in Milica's portrait. Therefore, they are dated to the late 15th century, although they may have been used or came under ground during the 16th century. In contrast to the specimens from the donors' composition in the monastery in Matka where the decoration is not clearly visible and can only be conjectural, the ornaments on the earrings from Vodoca are well defined.

In fact, the most evident signals conveyed by these earrings are the visual ones, i.e., they are depicted on the circular outer surfaces that would have been immediately visible. A wolf in a specific surrounding is depicted on these earring with the embossing technique applied on the single mould/pattern used four times (2 x 2 on the two circular sides of the earrings). The depiction shows its full figure in profile as it moves with one front leg stepping forward.

The wolf's claws are emphasized, indicating its potential aggressiveness; its ears are pricked upwards, the head is horizontally protruded and the snout with strong jaws is wide open. The tail is flatly outreached and then curved in the opposite direction above its body; it is transformed into a branch with two almost circular twigs whose tip terminates at the wolf's head. The entire composition IS framed with a circle that marks the edge of the mould. The empty surfaces under the neck, around the legs and above the back are filled with hemi-spherical protrusions which may have been intended for decorative purposes, to fill the "empty space" or to illustrate a particular environment.

Before we begin our in-depth analysis of this depiction, we would like to stress that certain motifs from the customary repertory of the late mediaeval emblems or heraldic depictions are encountered in some specimens of the jewelry discovered in the necropolis in Vodoca. In this regard, of special importance are the rings, which include certain impressive heraldic specimens. In one such specimen the composition shown on the upper surface of the head of a massive silver ring shows a complete coat of arms with the following elements: wolf, shield and dagger, surrounding inscription.

The manufacture and morphological characteristics of this ring indicate that it belongs among the specimens worn by the nobility in the last decades of the 14th century. It is a high-quality specimen of a signet ring whose 1 head shows the family coat of arms of a prominent aristocratic family from these areas.

Rather than proceeding with a detailed analysis of this exceptional find, on this occasion we focus on one detail from this heraldic depiction, the wolf as a motif. In this case, too, it is depicted in its full shape, in movement and in profile, with emphasized claws and an open jaw; its head, however, is placed vertically in relation to the body and has a short, vertical tail.

The wolf as a motif (head, upper part or full figure in different positions) is one of the more customary motifs among the numerous depictions of family personal emblems of family coats of arms that have been recorded in Late Middle Ages (13th to 14th centuries) and the centuries that followed after the Ottoman conquest of this and the neighboring regions. This is best seen in the numismatic material that is relatively rich and well known in scholarly circles; it practically always shows the emblem or the coat of arms of the individual who commissioned the minting of the coin and it was also customary in the making of other items which belonged to the given person.

With its attributes, the wolf represents an appropriate symbol for the identification with its characteristics.

The fascination with this beast and its implementation in the myths, beliefs and customs are always present in some form in the cultures which existed in its habitat.

As an archetype, the wolf has a complex and ambivalent symbolism. Its ability to see in the dark makes it simultaneously a solar and a chthonic creature. Its power, bloodthirstiness and fierceness are an allegory of the fighting spirit and warlike ecstasy to which heroes strive.

The righteousness of such actions in the mentality of mediaeval man is reflected in the interpretations recorded in Fisiologus.

In the tempestuous times of the Late Middle Ages, the wolf as a concept imposed itself and its characteristics as an appropriate personal emblem, part of the family coat of arms or even a mythical ancestor.

The depiction of the wolf as a symbol, like the other depictions characteristic of this period, also appeared on flags, legacies, facades, vessels, weapons (especially on the shield), garments, decorative and utilitarian items, etc.

Can it be claimed, in the absence of other, more concrete arguments (no ostheological remains and more exact indicators for dating with methods from the natural sciences, etc.) that individuals from the same family were buried in graves 196 and 909 in Vodoca?

This question remains open; however, several dilemmas have been clarified and there are at least certain indications which appear tenable.

The inventive craftsman, acting on the wish of the person who ordered the earrings and the current fashion evident in the fresco painting from the end of the 15th century, made a pair of earrings for a lady from a prominent family from Vodoca. He used the depiction of the wolf as a decorative motif, which reflects both a heraldic connotation in its primary meaning and, in terms of its secondary meaning, the narrative folk elements from the chthonic/lunar beliefs.

Thus, we can follow the manner in which the lavish late mediaeval earring patterns of the circular type made for the nobility diverged and infiltrated folklore forms, drawing the inspiration from the vigorous energy of folk beliefs, at the same time preserving the features and the symbolism of the heraldic tradition.

# Македонски хералдички терминолошки речник




Една од главните предмети на хералдиката е опишување на грбовите. Тој опис – "**Блазон**" ја преставува суштината на грбот, кој за хералдиката е поважен од ликовниот приказ – "**Емблазон**". Процесот на опишување на грбот (пишување на блазонот) се вика **блазонирање**. Притоа блазонот мора да биде јасен и недвосмислен, така секој хералдички уметник да може да го емблазонира – ликовно да го престави токму тој грб.

Токму поради ова, од најголема важност е да се направи речник на стандардните македонски хералдички термини, без кои е невозможно сериозно да се занимаваме со проучување и практикување на хералдиката.

Хералдиката покрај со грбот се занимава и со хералдичките знамиња и бецевите. Сите хералдички елементи што ги поседува армигерот-оној што поседува грб: грб, хералдички знамиња и бецеви преставува **Хералдичко достигнување.**

Прв и основен термин е **штитот**. Тој го преставува и основниот облик на грбот – односно **малиот грб** или често само - грб. Грбот се состои од **поле** (површината на штитот) или полиња доколку штитот е поделен, и **хералдичка фигура**, или просто – **фигура**.

Полето пак, се карактеризира со **боја**. (Илустрација на стр.16). Боите можат да се преставаат на три начини: Со аплицирање на боја, со хералдичка шрафура (Петра Санкта) и со означување, кога се користат само букви (дадени во заградите). Боите на полето се делат на три групи:

1. Метали: Злато (З) (жолта) и Сребро (С) (бела);
2. Бои (тинктури, емајли): Црвена (Ц), Сина (Сн), Зелена (Зл), Црна (Цр) и Пурпурна (П)
3. Крзна: Хермелин и Верверица, како и Пердуви и Скргунки

Иако не може да се зборува за значењето на боите како нивна карактеристика, сепак низ историјата се провлекуваат значења поврзани со боите:

Злато: Светост, трајност, Богатство, правда, милосрдие, разбирање, углед, храброст.

Сребро: Невиност, чистота, мудрост, радост.

Црвена: Крв, кралство, храброст, слобода, љубов.

Сина: Верност, постојаност, отменост.

Зелена: младост, растеж, плодност, здравје, убавина, надеж.

Пурпурна: Благочестивост, сувереност, умереност.

Црна: Тага, мудрост, цврстина, црква.

Крзната како карактеристика на полето потекнува од праксата древениот штит да се прекрива со разни видови кожи и крзна. Најзастапувани крзна се Хермелинот и Верверицата. Црните дезени на хермелинот ги преставуваат опавчињата на животните од кои се добива ова крзно. Има 4 видови на Хермелин, преставени на цртежот на стр. 16.

Хермелинот е на сребрено црни опавчиња (1). Контра Хермелинот е на црно бели опавчиња (2). Златниот Хермелин преставува црни опавчиња на златно (3), и Пеон, златни опавчиња на црно (4).

Верверичката пак преставува крзно сошиено од кожи на верверички, каде белиот дел го преставува мешето на верверичката. Другиот дел традиционално е син. Според начинот на составување на поединечните крзна разликуваме неколку видови на Верверица, преставени на цртежот на стр 16.

Верверица (5), Верверица во столб (6), Контра-верверица (7), и Верверица во крај (8). Постои и друг вид на верверица кога крзната на верверичката се во облик на буквата "**т**"(9). И таму се користи истата логика во називите.

Освен овие два вида крзно, понекога се употребуваат Скргунки (10) и Пердуви (11).

Покрај основните бои на полето постојат и два вида на хералдички шари. Едниот е кога полето е поделено повеќепати (12, 13), за што ќе стане збор кога ќе зборуваме за поделбите на штитот. Вториот, пак преставува посеано поле (14, 15). Посеано поле е кога на полето се повторуваат голем број мали фигури кои тогаш не се сметаат како фигури туку како шара, односно како самото поле.

Законот на бои вели дека метал не се става врз метал, ниту боја врз боја. Ова е од причина што таквите комбинации тешко се идентификуваат од далечина, кое е една од целите и улогите на грбот.

# Активности на МХЗ
## Activities of MHS

Последниот број на Македонски Хералд беше промовиран на предавањето насловено “Чудесниот свет на Хералдиката” одржано во Музеј на Македонија во мај 2005. Веднаш потоа, МХЗ го крена гласот против кршењето на основниот концепт на хералдиката, потоа преземен до вексилологијата, дека едно знаме не може да преставува два титулара во исто време, што беше предложено од тогашната влада како решение на проблемот со знамињата на малцинствата. МХЗ излезе со предлог за минимални измени (диференцијација) на знамињата на матичните држави кои ќе ја покажат припадноста на малцинството но и на идентитетот на коносител на суверeноста на Република Македонија. По пресконференцијата следеа многу написи во весниците и настапи на телевизија во разни информативни дебатни емисии, со што популарностана МХЗ го досегна својот врв.

Друг важен момент е вклученоста на МХЗ во обидот за хералдизација на векеусвоениот предлог за грб на општина Бутел. МХЗ заедно со авторот и општинската администрација која покажа зрелост и спремност да се реши овој проблем дојде до прифатливо решение, но за жал Советот на општината сметаше дека е доволно компетентно да решава по оваа тема и сите напори паднаа во вода. Се надевавме дека барем Бирото за заштита на индустриска сопственост ќе го препознае македонскот знаме во дадениот предлог и ќе се повика на законот, но за жал и тоа не се случи. Така сите наши напори пропаднаа во вода.

Нашата активност продолжи во истата насока со тоа што беше побарано од Град Скопје да се достави предлог за хералдизација на сегашниот грб на градот Скопје, но без да се менува воопшто концептот на постојниот грб. МХЗ даде два предлога, од кој едниот



**Посета на Колегиумот на грбови:** Потпретседателката Др. Снежана Филипова ги направи овие фотографии на работната соба на еден хералд, место каде што навистина се раѓаат грбовите.
**Visit of College of Arms:** Vice-President Dr.Snezana Filipova, took these photos in the working room of one of the herald, the place where the Coat of Arms are realy born.



**Предавањето во Музеј:** Секретарот Петар Гајдов и потпретседателката Др. Снежана Филипова ги разгледуваат верзиите на мијачкото знаме. Претседателот и Хералд на МХЗ Јован Јоновски во табардот на МХЗ (лево)
**Lectures at the Museum:** Secretary Petar Gajdov and Vice-President Dr. Snezana Filipova, are looking at other versions of the Miac’s flag. The President and the Herald of MHS, Jovan Jonovski in the Tabard of MHS (left)

Last issue of Macedonian Herald was promoted on the lecture titled: “The Wonderful World of Heraldry” held at the Museum of Macedonia in May 2005. Soon after, MHS has raised its voice against braking of the basic heraldry rule, later taken as well in vexilology, that a single flag could not be used by two parties at same time. This is regarding the Government decision to allow minorities to use the undifferentiated flags of their mother countries. MHS brought up a proposal of minimal differentiation of the flags the mother countries, which will show the belongings of a minority, but at the same time will show the identity as a co-bearer of the suzerainty of the Republic of Macedonia. After this press conference a number of newspaper articles followed as well as participation in many TV debates etc. This brought popularity of the MHS at its highest.

Other important moment is the involvement of MHS in the attempt of heraldisation of an already voted proposal for Coat of Arms of municipality of Butel. MHS together with the author and municipal administration came to a acceptable solution, but unfortunately, the Municipal Council consider themselves experts enough to act on this matter, so all our efforts were in vain. We hoped that the Biro for protection of industrial property will recognize the Macedonian flag in the given proposal and will act according the law, but unfortunately it did not happen.

Our activities continued in the same direction and MHS was asked to do heraldisation of the present coat of arms of City of Skopje, but with no changes to its concept. MHS gave two suggestions, one was total heraldisation and other was correction in the area of heraldic art. We still have no answer from the city authorities on the status of our proposals.

One important aspect of MHS activities are ones done



**Основачко Собрание на Хрватското хералдичко и вексилолошко друштво:** Претседателот и Хералд на МХЗ Јован Јоновски на Претседателот на ХХВД Жељко Хејмер му го поклонува Грбот на МХЗ
**Founding Assembly of Croatian Heraldry and Vexillology Society:** President and the Herald of MHS Jovan Jonovski is presenting the President of CHVS Zeljko Heimer with the Coat of Arms of MHS

беше потполна хералдизација а другиот интервенција од областа на хералдичката уметност.

Еден важен аспект на активностите на МХЗ на меѓународен план. МХЗ ја даде целокупната подршка на своите колеги од Бугарија, која резултираше со логистичка подршка за основање на Бугарското Хералдичко и Вексилолошко Друштво. На основањето на БХВД беше присутен и претседателот на МХЗ. На собранието на годишнината на БХВД, МХЗ учествуваше со трочлена делегација.

МХЗ преставувано од претседателот присуствуваше и на оснивањето на Хрватското Хералдичко и Вексилолошко Друштво, со кое развива стручна соработка и пријателски односи, кои беа продлабочини со посетата на потпретседателката на МХЗ.

Потпретседелката на МХЗ ги посети и Колегиумот на грбови (College of Arms) и Хералдичкото друштво (The Heraldry Society) во Лондон, каде оствари нови и ги утврди старите контакти.

МХЗ се подготвува за заедничкиот проект со одделот за едукација на Музејот на Македонија за

internationally. MHS gave its support to the colegues from Bulgaria, resulting in logistical support for forming of Bulgarian Heraldry and Vexillology Society. The President of MHS was present on the founding meeting, and on the yearly assembly was present with a three person delegation.

MHS represented by its President was present at the founding of the Croatian Heraldry and Vexillology Society, with which develops a expert and friendly cooperation. This relation was deepened by visit of MHS' vice president.

MHS vice president also visited College of Arms and The Heraldry Society in London, where new contacts were establish and old one strengthen.

MHS is preparing for the mutual project with the Educational Department of the Museum of Macedonia for lectures and workshops on heraldry, with experts from the region taking part.



**Годишно собрание на Бугарското хералдичко и вексилолошко друштво:** Секретарот Петар Гајдов му подарува пригодни подароци на Претседателот на БХВД Др. Стојан Антонов
**Anual assembly of Bulgarian Heraldry and Vexillology Society:** Secretary Petar Gajdov presents the President of BHVS, Dr. Stojan Antonov, with gifts.

предавања и работилници за хералдиката. На овие предавања се очекува да земат учество и експерт од регионот и пошироко.

# Хералдички бои

